**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**

НА ЗАКОН ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

Службен весник на РМ број 82/2005; 84/2007; 158/2010 и 136/2011

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите под кои може да се врши извоз, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба, надлежноста на државните органи во контролата над извозот, брокерингот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба и правата и обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз, трансфер, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "стоки и технологии со двојна употреба" се стоки, технологии и софтвери кои можат да се употребуваат во цивилни и во воени цели, утврдени со овој закон;

2. „Извоз на стоки и технологии со двојна употреба" е извоз и повторен извоз на стоки и технологии со двојна употреба, како и трансфер на софтвер или технологија преку електронски медиум, факс, телефон, електронска пошта или друго електронско средство надвор од подрачјето на Република Македонија, а се однесува на пристапот во електронска форма на софтвер и технологија на правно и физичко лице надвор од подрачјето на Република Македонија и на усниот пренос на технологија по телефон доколку технологијата е содржана во документ чиј битен дел е прочитан или опишан по пат на телефон;

3. „ Извозник" е правно или физичко лице кое е регистрирано за вршење на извоз со седиште на територијата на Република Македонија и кое има сопственост и право на располагање со стоките и технологиите со двојна употреба, како и секое физичко или правно лице што решава да пренесе софтвер или технологија преку електонски медиум, факс, телефон, електронска пошта или друго електронско средство надвор од подрачјето на Република Македонија.

4. „Листа на стоки и технологии со двојна употреба" е список на стоки и технологии со двојна употреба чиј извоз и повторен извоз се врши под услови утврдени со овој закон;

5. „Брокерски услуги" се преговарање или договарање на трансакции за купување, продавање или набавка на стоки и технологии со двојна употреба од

една земја во која било друга земја, како и продавање или купување на стоки и технологии со двојна употреба кои се наоѓаат во една земја за нивен пренос во која било друга земја. За целите на овој закон помошните услуги не се сметаат за брокерски услуги. Помошни услуги се транспортот, финансиските услуги, осигурување или реосигурување , рекламирање и промоција;

6. „Брокер " е секое физичко или правно лице со седиште во Република Македонија кое врши брокерски услуги дефинирани во точка 5 на овој член и

7. „Транзит на стоки со двојна употреба" е транспорт или превоз на стоки и технологии со двојна употреба од една земја во друга земја при што стоките минуваат низ царинската територија на Република Македонија.

Член 3

Извозот на стоки и технологии со двојна употреба, подлежи на контрола со цел за заштита на безбедноста, економските интереси и надворешно политичките интереси на Република Македонија во зајакнување на меѓународниот мир и безбедност, како и за исполнување на меѓународните обврски на Република Македонија.

## II. КОМИСИЈА ЗА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

Член 4

(1) Владата на Република Македонија формира Комисија за извоз на стоки и технологии со двојна употреба (во натамошниот текст : Комисија ).

(2) Комисијата е составена од седум члена, нивни заменици и секретар, од претставници на органите на државната управа чии надлежности се поврзани со контролата на извозот на стоки и тенологии со двојна употреба и тоа на: Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Царинската управа на Република Македонија, како и Секретаријатот за законодавство и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

(3) Со Комисијата раководи претседател на Комисијата кого го избираат членовите на Комисијата од своите редови .

(4) Комисијата од став (1) на овој член ги врши следниве работи:

- ги предлага на Владата на Република Македонија листите од членот 5 од овој закон;

- дава иницијативи за уредување на прашања од значење за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, со овој или друг закон;

- остварува соработка со надлежни меѓународни институции и тела за прашања од нејзина надлежност;

- дава мислења по предмети по кои е поднесена жалба, по барање на Комисијата на Владата на Република Македонија надележна за решавање на жалби од втор степен и

- врши други работи утврдени со овој и друг закон.

(5) Комисијата за својата работа донесува деловник.

(6) Аминистративно-техничките работи на Комисијата ги врши Министерството за економија во согласност со актот за организација на работа.

(7) Комисијата еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Владата на Република Македонија.

Член 5

Владата на Република Македонија на предлог на Комисијата донесува:

1) Листа на стоки и технологии со двојна употреба и

2) Листа на држави, организации, ентитети или поединци во однос на кои има ограничувања во извозот на стоки и технологии со двојна употреба.

## III. ВРШЕЊЕ НА ИЗВОЗ, БРОКЕРИНГ И ТРАНЗИТ

Член 6

(1) Извозникот може да врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба врз основа на дозвола за извоз на стоки и технологии со двојна употреба (во натамошниот текст: дозвола за извоз).

(2) Дозволата за извоз од став (1) на овој член ја издава Министерството за економија (во натамошниот текст : Министерството).

(3) Дозвола за извоз е потребна и во случаите кога стоките и технологиите не се опфатени со Листата од член 5 точка 1 на овој закон, доколку извозникот е известен од страна на Министерството за економија, Министерството за одбрана, Министерствотото за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Царинската управа на Република Македонија или друг надлежен орган дека таа стока или технологија во целина или нејзини делови се или може да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, ускладиштување, откривање, препознавање или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или за развој, производство, одржување и складирање на ракети способни за пренос на такво оружје.

(4) Дозвола за извоз е потребна и во случаите кога стоките и технологиите не се опфатени со Листата од член 5 точка 1 на овој закон доколку извозот се врши во земја купувач или земјата со крајна дестинација кон која Советот за безбедност на ООН со обврзувачка резолуција има воведено ембарго за извоз на оружје или со одлука на ОБСЕ или со ембарго за извоз на оружје на ЕУ кон кое Република Македонија се има придружено.

(5) Дозвола за извоз се издава и за извоз на стоки со двојна употреба што не се опфатени со Листата од член 5 точка 1 на овој закон, ако извозникот е информиран од страна на органот од ставот (3) на овој член дека стоките се или можат да бидат наменети во целост или делумно, за употреба како делови или компоненти од воени стоки.

(6) Извозникот на кого му е познато, или има основа да се сомнева дека стоката или технологијата со двојна употреба ќе биде употребена за намените од ставовите (3) и (5) на овој член, а таа стока или технологија не е на Листата од членот 5 точка 1 на овој закон, е должен за тоа да ги извести Комисијата и Министерството. Комисијата, во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на приемот на известувањето, одлучува дали за таа стока или технологија е потребна дозвола за извоз. За својата одлука Комисијата веднаш ги известува извозникот и Министерството.

Член 6-а

(1) Брокерот може да врши брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба врз основа на дозвола за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба (во натамошниот текст: Дозвола за брокерски услуги).

(2) Дозволата за брокерски услуги од став (1) на овој член ја издава Министерството.

(3) Дозвола за брокерски услуги е потребна за стоките и технологиите со двојна употреба од Листата од членот 5 точка 1 на овој закон, доколку брокерот е известен од страна на Министерството, Министерството за одбрана, Министерствотото за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Царинската управа на Република Македонија или друг надлежен орган, дека таа стока или технологија во целина или нејзини делови се или можат да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, ускладиштување, откривање, препознавање или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или за развој, производство, одржување и складирање на ракети способни за пренос на такво оружје.

(4) Дозвола за брокерски услуги е потребна и во случаите кога стоките и технологиите не се опфатени со Листата од членот 5 точка 1 на овој закон доколку брокерската услуга се однесува на земја купувач или земјата со крајна дестинација кон која Советот за безбедност на ООН со обврзувачка резолуција има воведено ембарго за извоз на оружје или со одлука на ОБСЕ или со ембарго за извоз на оружје на Европската унија кон кое Република Македонија се има придружено, ако брокерот е информиран од органот од ставот (3) на овој член

дека стоката може да биде наменета делумно или во целост за воени крајни употреби.

(5) Дозвола за брокерски услуги се издава и за стоки со двојна употреба што не се опфатени со Листата од член 5 точка 1 на овој закон, ако брокерот е информиран од страна на органот од ставот (3) на овој член дека стоките се или можат да бидат наменети во целост или делумно, за употреба како делови или компоненти од воени стоки.

(6) Брокерот на кого му е познато, или има основа да се сомнева дека стоката или технологијата со двојна употреба ќе биде употребена за намените од ставовите (3), (4) и (5) на овој член, е должен за тоа да ги извести Комисијата и Министерството. Комисијата, во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од известувањето одлучува дали за таа стока или технологија е потребна дозвола за брокерски услуги.

Член 6-б

(1) Царинска управа на Република Македонија може привремено да задржи или забрани транзит на стоки и технологии со двојна употреба опфатени со Листата од член 5 точка 1 на овој закон, ако стоката или технологија во целина или нејзини делови се или можат да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, ускладиштување, откривање, препознавање или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или за развој, производство, одржување и складирање на ракети способни за пренос на такво оружје.

(2) Во случај на привремено задржување или забрана на транзит на стока со двојна употреба Царинската управа на Република Македонија е должна во период од 48 часа да го извести писмено Министерството за задржувањето или забраната на транзитот.

(3) Согласно со став (4) на овој член, Министерството ќе издаде дозвола за транзит во рок од 60 дена, доколку се исполнети бараните услови за транзит на стока со двојна употреба низ територијата на Република Македонија.

(4) При одлучувањето за забрана на транзит од став (1) на овој член Министерството ќе ги има предвид обврските и одговорностите кои Република Македонија ги презела како членка на меѓународни договори или како членка на меѓународни режими за не ширење на оружје за масовно уништување, како и критериумите од членот 8 на овој зкон.

(5) Министерот за економија ја пропишува постапката за издавање на дозвола за одреден транзит на стоки и технологии со двојна употреба од Листата од членот 5 точка 1 на овој закон ако стоката или технологијата во целина или нејзини делови се или можат да се наменат за целите од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на барањето и дозволата за транзит на стоката со двојна употреба.

(6) Доколку Министерството за економија не донесе решение за издавање на дозвола за транзит за стоки и техологии за двојна употреба, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола во рокот утврден во ставот (3) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од денот на истекување на рокот да поднесе барање до писарницата на министерот за економија заради донесување на решение од страна на министерот за економија.

(7) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (6) на овој член ги пропишува министерот за економија.

(8) Кон барањето за издавање на дозвола од ставот (6) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (5) на овој член.

(9) Министерот за економија е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (6) на овој член, да донесе решение со кое барањето за издавање на дозволата е уважено или одбиено. Доколку министерот за економија нема писарница, барањето се поднесува до писарницата на Министерството за економија.

(10) Доколку министерот за економија не донесе решение во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(11) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (10) на овој член да изврши надзор во Министерството за економија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за економија во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку министерот не одлучи во рокот од ставот (12) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за економија ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот по кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку министерот за економија не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (13) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе

пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (14) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(16) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (15) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (12) и (13) на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за економија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(17) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Во случајот од ставот (17) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(19) Во случајот од ставот (18) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(20) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (16) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(21) Доколку министерот за економија не одлучи во рокот од ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(22) Постапката пред Управниот суд е итна."

Член 7

(1) Извозникот и брокерот се должни до Министерството да поднесат барање за издавање на дозвола за извоз, односно дозвола за брокерски услуги на обрасци чија форма и содржина ја пропишува министерот за економија .

(2) Врз основа на барањето од став (1) на овој член министерот за економија издава дозвола за извоз, односно дозвола за брокерски услуги.

(3) Дозволата за извоз и дозволата за брокерски услуги од став (2) на овој член се издаваат на обрасци чија форма и содржина ги пропишува министерот за економија.

(4) Обрасците од ставовите (1) и (3) на овој член треба да бидат усогласени со меѓународните стандардизирани обрасци.

(5) Со барањето од став (1) на овој член треба да се достави јасен опис на стоките и приложат сите докази кои се потребни за потврдување на податоците наведени во барањето како технички карактеристики, скици, планови, фотографии и друга документација за идентификација на стоките и технологиите со двојна употреба.

(6) Во прилог на барањето извозникот и брокерот мора да достават „сертификат за краен корисник".

(7) Брокерот треба да достави и податоци за локацијата на потекло на стоките и технологиите со двојна употреба .

Член 8

(1) Министерството е должно пред издавање на дозволата за извоз, односно дозвола за брокерски услуги да побара мислење од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи, а за доставените барања за добивање мислење се известува Државниот управен инспекторат заедно со копија од доставените барања за мислења.

(2) Во случаите кога карактерот на стоката или технологијата со двојна употреба тоа го бара, мислење се бара и од Министерството за здравство, Дирекција за радијациона сигурност и Министерството за заштита на животната средина и просторно планирање, а за доставените барања за добивање мислење се известува Државниот управен инспекторат заедно со копија од доставените барања за мислења.

(3) Министерствата и органите од ставовите (1) и (2) на овој член треба да го достават своето мислење во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од денот кога мислењето е побарано.

"(4) Доколку министерствата и Дирекцијата за радијациона сигурност од ставовите (1) и (2) на овој член во рокот од став (3) на овој член не достават мислење министерот за економија има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа, односно до писарницата на директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност заради донесување на мислење по барањето.

(5) Формата и содржината на обрасците на барањата од став (4) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа и директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност од ставовите (1) и (2) на овој член.

(6) Кон барањето за издавање на мислење од ставот (4) на овој член, министерот за економија доставува и копија од барањето од ставот (3) на овој член.

(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа и директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност од ставовите (1) и (2) на овој член е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (4) на овој член да достави мислење до Министерството за економија. Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност од ставовите (1) и (2) на овој член нема писарница, барањето се поднесува до писарницата на министерството и Дирекцијата за радијациона сигурност од ставовите (1) и (2) на овој член.

(8) Доколку министерствата и Дирекцијата за радијациона сигурност од ставовите (1) и (2) на овој член не достават мислење до Министерството за економија во рокот од ставот (7) на овој член, министерот за економија може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(9) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (8) на овој член да изврши надзор во министерствата, односно Дирекцијата за радијациона сигурност од ставовите (1) и (2) на овој член дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира министерот за економија за преземените мерки.

(10) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа и директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност од ставовите (1) и (2) на овој член во рок од десет дена да даде мислење и да го извести инспекторот за истото. Кон известувањето се доставува копија од мислењето. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира министерот за економија за преземените мерки.

(11) Доколку министерот не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за економија ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот по кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ги информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност од ставовите (1) и (2) на овој член не одлучат и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира министерот за економија за преземените мерки.

(13) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (12) на овој член, министерот за економија во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(14) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (13) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (9) и (10) на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во министерството и Дирекцијата за радијациона сигурност од ставовите (1) и (2) на овој член дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира Министерството за економија за преземените мерки.

(15) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира министерот за економија за преземените мерки.

(16) Во случајот од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат, веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(17) Во случајот од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира министерот за економија за преземените мерки.

(18) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (13) од овој член, министерот за економија може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(19) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа и директорот кој раководи со органот на државната управа од ставовите (1) и (2) на овој член не одлучи во рокот од ставот (10) на овој член, министерот за економија може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(20) Постапката пред Управниот суд е итна."

(21) Министерството е должно на барањата за дозвола од членот 7 став (1) на овој закон да одговори во рок кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на поднесувањето на барањата, односно во рок од 90 дена, ако во постапката на издавање на дозволата се потребни дополнителни проверки.

(22) Доколку Министерството за економија не донесе решение за издавање на дозвола за извоз, односно дозвола за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба, односно не донесе решение за одбивање на

барањето за издавање на дозвола во рокот утврден во ставот (21) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од денот на истекувањето на рокот да поднесе барање до писарницата на министерот за економија за донесување на решение, а ако министерот нема писарница, барањето се поднесува до писарницата на Министерството за економија.

(23) Формата и содржината на барањето од ставот (22) на овој член ги пропишува министерот за економија.

(24) Кон барањето од ставот (22) на овој член подносителот на барањето доставува и копија од барањето од членот 7 став (1) од овој закон.

(25) Министерот за економија е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (22) на овој член, да издаде решение со кое барањето за издавање на дозволата е уважено или одбиено. Доколку министерто за економија нема писарница барањето се поднесува до писарницата на Министерството за економија.

(26) Доколку министерот за економија не донесе решение во рокот од ставот (25) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(27) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (26) на овој член да изврши надзор во Министерството за економија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(28) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за економија во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(29) Доколку министерот не одлучи во рокот од ставот (28) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за економија ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот по кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(30) Доколку министерот за економија не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (29) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(31) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (30) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен

инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(32) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (31) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (28) и (29) на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставот (30) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за економија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените активности.

(33) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (32) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(34) Во случајот од ставот (33) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(35) Во случаите од ставот (34) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(36) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (32) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(37) Доколку министерот за економија не одлучи во рокот од ставот (29) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(38) Постапката пред Управниот суд е итна.

Член 9

(1) Министерството, по предходно прибавено позитивно мислење од членот 8 ставови (1) и (2) на овој закон, издава дозвола за извоз или дозвола за брокерски услуги најмногу за период од една година од денот на издавањето на дозволата.

(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава во четири примероци: два се доставуваат до барателот, од кои еден примерок барателот го доставува до царинскиот орган при постапката на извоз, а еден задржува за себе, еден примерок се доставува до Царинската управа на Република Македонија и еден примерок се чува во архивата на Министерството.

(3) Министерството е должно еднаш на шест месеци да достави список на издадени дозволи за извоз, дозволи за брокерски услуги и одбиени барања за добивање дозволи за извоз и дозволи за брокерски услуги, до Комисијата.

Член 10

Министерството може, по исклучок од членот 6 на овој закон во зависност од видот на стоката и технологијата со двојна употреба, видот и долгорочноста на извозните дејности, на извозникот да му издаде една дозвола за извоз за ист вид на стока и технологија со двојна употреба за една или повеќе држави.

Член 11

Министерството ќе го одбие барањето за издавање дозвола за извоз односно барањето за издавање на дозвола за брокерски услуги кога ќе оцени дека извозот, односно брокерската услуга на стоки и технологии со двојна употреба може да предизвика негативни последици поради:

- загрозување на исполнување на меѓународните обврски на Република Македонија вклучувајќи ги и оние кои се опфатени од Заедничкиот став на Советот 2008/944 ЗББП од 8 декември 2008;
- загрозување на безбедносните или одбранбените интереси на Република Македонија;
- загрозување или е во спротивност со надворешно политичките или економските интереси на Република Македонија;
- можност за избувнување или продолжување на вооружени судири во државата која е краен корисник на стоките или технологиите со двојна употреба;
- можност за употреба на стоките и технологиите со двојна употреба за внатрешна репресија во државата на крајниот корисник на тие стоки и технологии со двојна употреба;
- целта на крајна употреба и ризикот од диверзии;
- утврдено сознание дека дејството на стоките и технологиите со двојна употреба не одговара на наведените податоци во барањето до Министерството или кога извозникот или произведувачот на барање на Министерството не овозможиле преглед на стоките и технологиите со двојна употреба или со тоа поврзаната документација и
- други случаи утврдени со закон.

Член 12

(1) Министерот со решение може по барање на извозникот, по барање на брокерот или по службена должност, да ја укине дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги кога:

- ќе утврди дека еден или повеќе услови врз основа на кои била издадена дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги не се веќе важечки и

- кога извозникот не ги извршува утврдените обврски во дозволата за извоз, односно кога брокерот не ги извршува утврдените обврски во дозволата за брокерски услуги.

(2) Министерот со решение ја поништува дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги кога:

- дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги била издадена врз основа на неточни или непотполни податоци, а подносителот на барањето знаел или би морал да знае дека податоците биле неточни или непотполни,

- извозникот, односно брокерот не го известил Министерството за промените поврзани со стоките и технологиите со двојна употреба и

- извозникот ја пренел дозволата за извоз на друг извозник.

Член 13

(1) Против решението од членовите 11 и 12 на овој закон извозникот, односно брокерот има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(2) Жалбата од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

## IV. ОБВРСКИ НА ИЗВОЗНИКОТ И БРОКЕРОТ

Член 14

(1) Извозникот кој врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба е должен:

- да води посебна евиденција за извршениот извоз на стоки и технологии со двојна употреба;

- да ја извршува дејноста во согласност со условите и барањата утврдени во дозволата за извоз и

- за секоја промена во условите на вршење на извоз на стоки и технологии со двојна употреба веднаш во писмена форма да го извести Министерството.

(2) Извозникот не смее да ја пренесе дозволата за извоз на друг извозник.

(3) Брокерот кој врши брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба е должен:

- да води посебна евиденција за извршените брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба,

- да ја извршува дејноста во согласност со условите и барањата утврдени во дозволата за брокерски услуги и

- за секоја промена во условите на вршење на брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба веднаш во писмена форма да го извести Министерството.

Член 15

(1) Извозникот во делот на царинската постапка мора да ја поднесе дозволата за извоз и „сертификат за краен корисник".

(2) Царинскиот орган нема да дозволи извоз доколку не се исполнети условите од став (1) на овој член.

Член 16

(1) Во случаите кога Царинскиот орган или други надлежни органи имаат оправдано сомнение дека при издавањето на дозволата за извоз не се зеле предвид релевантни информации, податоци или околностите материјално се измениле по издавањето на дозволата за извоз, привремено ќе го суспендира извозот врз основа на предходно добиено известување од Министерството.

(2) Во случаите кога Царинскиот орган има оправдано сомнение дека податоците од „сертификатот за краен корисник" не се точни, привремено ќе го суспендира извозот и за тоа веднаш ќе го извести извозникот, Комисијата и Министерството.

(3) Извозникот е должен во рок од десет дена од приемот на известувањето дека настанале околностите од ставот (2) на овој член да достави до Министерството дополнителни докази со кои располага, со кои ќе ја потврди точноста на податоците наведени во „сертификатот за краен корисник".

(4) Министерството во рок од 30 дена од приемот на доказите од став (3) на овој член донесува конечно решение.

Член 17

(1) Извозникот и брокерот мора да ги чува фактурите, испратниците, приемниците, товарните листови за сите видови превоз и секаква друга документација која е поврзана со стоките и технологиите со двојна употреба најмалку пет години од завршувањето на календарската година во која била извршена секоја поединечна извозна трансакција односно брокерска услуга на стоки и технологии со двојна употреба.

(2) Документите од ставот (1) на овој член ги содржи особено следниве податоци:

- опис на стоките и технологиите со двојна употреба кој овозможува нивно идентификување во Листата на стоки и технологии со двојна употреба, како и тарифна ознака согласно Царинската тарифа;

- количина на стоката во единечна мера и нето тежина;

- полно име и назив на извозникот, како и податоци од соодветниот регистар;

- полно име и назив на увозникот на стоката или технологијата со двојна употреба;

- полно име и назив на крајниот корисник и

- крајна употреба на стоките и технологиите со двојна употреба.

## V. ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

Член 18

(1) Во постапката за увоз на стоки и технологии со двојна употреба, на барање на увозникот, Министерството издава “сертификат за краен корисник”.

(2) Министерот за економија во согласност со министерот за финансии, го пропишува обликот и содржината на “сертификатот за краен корисник” при увоз на стоки и технологии со двојна употреба.

(3) “ Сертификатот за краен корисник” е усогласен со меѓународните стандардизирани обрасци и заверен од надлежен орган на земјата увозник.

(4) Царинската управа на Република Македонија води евиденција на “сертификати за краен корисник” при извоз на стоки и технологии со двојна употреба, заверени од надлежен орган во земјата на увозникот согласно со Законот за Царинската управа и Царинскиот закон.

(5) Министерството води евиденција за издадените дозволи за извоз и брокерски услуги и одбиените барања за добивање дозвола за извоз.

Член 19

За извршување на работите од овој закон Министерството соработува со други министерства во Република Македонија, како и со органи на други држави.

---

Член 20

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството.

(2) Надзор над активностите на извоз на стоки и технологии со двојна употреба и брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба врши Царинската управа на Република Македонија.

(3) При вршење на надзорот од став (2) на овој член царинските службеници имаат право:

- да бараат од лицата вклучени во активностите со стоки и технологии со двојна употреба информации и податоци потребни за вршење на контролата,

- мислења од други соодветни органи и институции,

- да вршат контрола на секој поединечен извоз на стоки и технологии со двојна употреба, како и проверка на податоците за стоките и технологиите со двојна употреба со податоците од издадената дозвола за извоз во согласност со царинските прописи,

- да вршат увид на стоки и технологии со двојна употреба на царинските терминали и во складиштата во согласност со царинските прописи,

- да влегуваат во деловните простории на лицата вклучени во извозните или брокеринг трансакции со стоки и технологии со двојна употреба,

- да доставуваат барања до соодветните надлежни институции на други земји за обезбедување на информации потребни за контролата и

- да даваат информации по барања на истражни органи од други земји во согласност со меѓународните обврски на Република Македонија.

Член 20-а

(1) По откривање на прекршок по овој закон царинскиот службеник е должен да состави записник во кој ги забележува битните елементи на дејствијето од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторувањето, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува царинскиот службеник и сторителот.

(2) Царинскиот службеник веднаш по составување на записникот од ставот (1) на овој член на сторителот ќе му врачи покана за плаќање на глоба, а на сториктелот кој ќе го признае прекршокот што му се става на товар ќе му издаде платен налог, согласно со закон. Приемот на поканата или платниот налог сторителот го констатира со свој потпис.

(3) Ако сторителот не ја плати глобата од поканата и налогот од ставот (2) на овој член во рок од осум дена од денот на приемот царинскиот службеник е должен веднаш да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Член 20-б

Надлежен орган за изрекување на прекршоци од овој закон е надлежниот суд.

Член 21

Податоците, информациите, документацијата, како и други материјали кои се прибавени врз основа на овој закон, можат да се употребат само за намените предвидени со овој закон. Податоците прибавени во врска со барањето за издавање дозвола за извоз кои се однесуваат на вредноста на извозните работи и со нив поврзаната количина на стоките и технологиите, претставуваат класифицирани информации со степен на доверливост определен со закон.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 22

(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на извозникот - правно лице кој врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба без издадена дозвола за извоз, спротивно на член 6 ставови (1), (3), (4) и (5) на овој закон.

(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

(3) За дејствијата од став (1) на овој член на правното или физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна санкција одземање на предмети - стоки.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од три до пет години.

(5) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејноста во траење од три до пет години, а на физичкото лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на дејност или должност во траење од три до пет години.

Член 22-а

(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на на брокерот кој врши брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба (член 6-а ставови (1), (3), (4) и (5)).

(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од три до пет години.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејноста во траење од три до пет години, а на физичкото лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на дејност или должност во траење од три до пет години.

Член 22-б

(1) Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на извозникот - правно лице, ако:

- извозникот ја пренесе дозволата за извоз на друг извозник ( член 14 став(2)) и

- извозникот не се придржува кон утврдените обврски во дозволата за извоз (член 14 став (1) алинеја 2).

(2) Глоба во износ од 800 до 1.200 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Член 22-в

(1) Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на брокерот, ако не се придржува кон утврдените обврски во дозволата за брокерски услуги (член 14 став (3) алинеја 2).

(2) Глоба во износ од 800 до 1.200 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Член 22-г

(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на извозникот - правно лице, ако:

- не води посебна евиденција за извршениот извоз на стоки и технологиисо двојна употреба, (член 14 став (2) алинеја 1),
- не го извести Министерството за секоја промена во условите за вршење на нивните активности, (член 14 став (2) алинеја 3),
- не ги чува фактурите, испратниците, приемниците, товарните листови за сите видови превоз и секаква друга документација која е поврзана со стоките и технологиите со двојна употреба, најмалку пет години од завршувањето на календарската година во која била извршена секоја поединечна извозна трансакција на стоки и технологии со двојна употреба (член 17 став (1)).

(2) Глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Член 22-д

(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на брокерот, ако:

- не води посебна евиденција за извршените брокерски услуги со стоки и технологии со двојна употреба, (член 14 став (3) алинеја 1)
- не го извести Министерството за секоја промена во условите за вршење на нивните активности, (член 14 став (3) алинеја 3) и
- не ги чува фактурите, испратниците, приемниците, товарните листови за сите видови превоз и секаква друга документација која е поврзана со стоките и технологиите со двојна употреба, најмалку пет години од завршувањето на календарската година во која била извршена секоја поединечна извозна

трансакција на стоки и технологии со двојна употреба (член 17 став (1)).

(2) Глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Член 22-ѓ

Кога прекршокот од членовите 22 и 22-а на овој закон е сторен со цел сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист или прекршокот е сторен од организирана група на лица составена од најмалку три лица. Надлежниот суд може да изрече глоба во износ од 20.000 до 30.000 евра во денарска противвредност на правното лице.

Член 22-е

Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за прекршокот од член 22 и 22-а ќе се изрече и на одговорното лице во правното лице, ако прекршокот го сторил со цел да прибави имотна корист за себе или за друго лице.

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбата од членот 4 од овој закон, која ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.